**Услуги на SMG**
**Глобална политика на приватност**

Датум на важност: март 2018 г.

Оваа политика на приватност се однесува на обработувањето на лични податоци од SMG собирани преку оваа веб-локација и други веб-локации, услуги и апликации, вклучувајќи мобилни апликации, на кои е објавена, ставена како врска или референца оваа политика на приватност (колективно, "**Услуги на SMG**"). „Лични податоци" се информации кои се однесуваат на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува. Услугите на SMG се сопственост на и/или со нив раководат Service Management Group, LLC, Service Management Group Limited, Service Management Group GK и нивните соодветни филијали (колективно, „**SMG**", „ние" или „нас"). Политиката на приватност дефинира како ги собираме и обработуваме вашите лични податоци.

ПРЕГЛЕДАЈТЕ ЈА ВНИМАТЕЛНО ОВАА ОБЈАВА ЗА ПРИВАТНОСТА. Вашите лични податоци ќе се собираат и обработуваат како што е опишано во оваа политика на приватност.

Ако не сте го сториле тоа досега, прегледајте ги Условите за користење на услугите на SMG кои ги дефинираат условите што важат за користењето на нашите веб-локации, апликации, услуги и мобилни апликации („Услуги на SMG").

**АКО НЕ СЕ СОГЛАСУВАТЕ СО НЕКОЈ ДЕЛ ОД ОВАА ПОЛИТИКА НА ПРИВАТНОСТ ИЛИ СО УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ, НЕ КОРИСТЕТЕ НИКАКВИ УСЛУГИ НА SMG.**


1. **ИЗМЕНИ ВО ПОЛИТИКАТА НА ПРИВАТНОСТ**
2. **КАТЕГОРИИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ОБРАБОТУВАНИ ОД SMG**
3. **КАКО ГИ СОБИРАМЕ ИНФОРМАЦИИТЕ И ЦЕЛИ НА ОБРАБОТКАТА**
4. **ЗАКОНСКИ ОСНОВИ ЗА ОБРАБОТКА**
5. **КАКО ГИ КОРИСТИМЕ И СПОДЕЛУВАМЕ ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
6. **ЗАДРЖУВАЊЕ И БРИШЕЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
7. **ВАШИТЕ ПРАВА И ИЗБОРИ ВО ОДНОС НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
8. **ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕДАВАЊЕТО ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**
9. **ПОЛИТИКА ЗА КОЛАЧИЊА**
10. **УПРАВУВАЊЕ СО ПОДАТОЦИТЕ НА ВАШАТА СМЕТКА**
11. **ПРИВАТНОСТ ЗА ДЕЦА**
12. **ВРСКИ ДО УСЛУГИ НА ТРЕТИ ЛИЦА**
13. **БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ**
14. **ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИМА ПРЕДВИД ОД ГЕОГРАФСКИ АСПЕКТ И ПРЕКУГРАНИЧЕН ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**
15. **КАКО ДА СТАПИТЕ ВО КОНТАКТ СО НАС**
16. **КОНТРОЛОР НА ПОДАТОЦИ И СЛУЖБЕНИК ЗА ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ**


## 1. ИЗМЕНИ ВО ПОЛИТИКАТА НА ПРИВАТНОСТ

Ќе ја ажурираме оваа политика на приватност повремено кога ќе правиме промени што влијаат врз политиката на приватност, како што се додавање нови услуги и апликации, подобрување на нашите услуги и справување со промените во технологиите и законите. Датумот кога почнува да важи оваа политика е денот кога последен пат била ажурирана и тој се наоѓа на горниот дел на веб-страницата. SMG ќе ве извести кога овие промени се суштински и, кога е тоа потребно според важечкиот закон, ќе побараме ваша

согласност. Ова известување ќе го добиете преку објава на промените на нашата веб-локација или преку нашите апликации.

## 2. КАТЕГОРИИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ОБРАБОТУВАНИ ОД SMG

SMG прави истражувања на пазарот во име на компаниите кои сакаат подобро да ги разберат преференциите на потрошувачите за нивните стоки и услуги. Овие компании се нашите **„Клиенти“**. Правиме истражувања во име на нашите клиенти (колективно, **„Истражувања“**) и ги користиме тие информации за да дознаеме кои се согледувањата на потрошувачите во однос на тоа каде, кога и колку често ги посетуваат малопродажните локации и какви се нивните искуства за време на посетите. Кога пополнувате истражување или користите услуга на SMG, ги собираме личните податоци кои вие ни ги давате доброволно.

Личните податоци што ги собираме вклучуваат: (1) податоци за контакт (како што се адресата за е-пошта, телефонскиот број и работодавецот); (2) демографски податоци (како што се полот, датумот на раѓање и поштенскиот број); (3) вашите одговори на истражувањата доколку може да бидете идентификуван/идентификувана според нив или се поврзани со вас како индивидуално лице кое може да се идентификува; и (4) информации поврзани со вашето користење на услугите на SMG („Податоци за користење“).

Податоците за користење што ги собираме вклучуваат: (1) IP-адреса; (2) сервер на доменот; (3) вид уред/уреди користени за пристапување до услугите; (4) статистики и информации поврзани со интеракцијата помеѓу вашиот прегледувач или уред, како што се моделот на уредот, операторот/мрежата, информациите за животниот век на батеријата за да се оптимизира собирањето податоци за локацијата според преостанатиот животен век на батеријата и основните статистики за користењето на вашиот уред; (5) GPS во реално време или други геолокациски податоци што ни овозможуваат да добиваме информации преку поставките за локацијата (или слично) на вашиот уред; (6) упатувачка веб-страница или друг извор преку кој сте пристапиле до услугите. Кога пополнувате истражувања онлајн, собираме повеќе уникатни атрибути за вашиот уред заради откривање и спречување измама.

## 3. КАКО ГИ СОБИРАМЕ ИНФОРМАЦИИТЕ И ЦЕЛИ НА ОБРАБОТКАТА

Собираме и обработуваме информации што ни ги давате и од вашето користење на услугите на SMG. Кои информации ги собираме и како ги обработуваме зависи од тоа како им пристапувате на услугите на SMG и како ги користите.

**Од вас.** Собираме информации од вас кога:

- **Пополнувате истражување:** Ги собираме информациите што ги поднесувате во одговорите на истражувањето за вашите искуства и преференции како потрошувач. Може да ги комбинираме информациите добиени во вашите одговори на истражувањето со информациите што ги добиваме од нашиот клиент, како што се информациите за вашата вклученост во програмите за лојалност на нашите клиенти, за подобро да ги разбереме вашите искуства како потрошувач. Исто така, може да ги комбинираме информациите добиени во вашите одговори на истражувањето со информациите добиени во одговорите на истражувањето од други корисници за подобро да ги разбереме целосните искуства на потрошувачите. Кога пополнувате истражување, информациите што избирате да ни ги дадете ќе се користат во извештаи и други анализи на искуствата и преференциите на потрошувачите за нашите клиенти или за сите други намени со кои ќе ве запознаеме при собирањето на информациите. Ако

не сакате вашите информации да се користат во извештаи, анализи, или на друг начин со кој сте запознаени, може да изберете да не пополните некое истражување.

- **Користите услуги на SMG.** Автоматски собираме податоци за користењето кога остварувате интеракција со услугите на SMG преку користењето колачиња и други алатки за собирање податоци. Ги користиме овие податоци за користењето заради олеснување на комуникацијата меѓу вашиот уред и нашите системи, за правење истражувања, за гарантирање на целовитоста на истражувањето, за откривање и спречување измама, за истражување на пазарот, за администрирање и подобрување на нашата веб-локација и на апликациите, како и за анализирање на користењето, подобрување и унапредување на услугите на SMG. За да дознаете повеќе за тоа како и зошто користиме колачиња и слични алатки за собирање податоци, погледнете го делот „Политика за колачиња“ во оваа политика на приватност.

- **Ги поднесувате своите лични податоци додека ги користите услугите на SMG:** Кога ги поднесувате вашите лични податоци во врска со користењето на услугите на SMG, како кога ни се обраќате за помош или информации или давате коментари за вашите искуства со некој од нашите клиенти, ги собираме и анализираме информациите што ги поднесувате. Кога ѝ давате коментари на SMG, информациите што ги давате се придонес за услугите што им ги даваме на нашите клиенти и за целото наше истражување на пазарот. Со ваша дозвола, вашите коментари може да се објават на TrumpetRatings.com и/или на веб-локациите на нашите клиенти. Кога таквите информации се објавуваат на јавен форум, како TrumpetRatings.com или други веб-локации достапни за општата јавност, тие информации стануваат јавни информации. Трети лица може да го видат и/или да го собираат она што сте го напишале, а може и да го користат на начини што ние не можеме да ги контролираме или да ги предвидиме.

- **Пристапувате до услугите на SMG преку акредитиви на друштвените медиуми:** SMG може да ви даде можност да ги користите услугите на друштвените мрежи (колективно, **„Друштвени медиуми“**) за да пристапите до некои услуги на SMG. Кога избирате да им пристапите на услугите на SMG со акредитивите за најавување на некој друштвен медиум, SMG може, во зависност од вашите поставки за приватност, да има пристап до информациите што сте ги дале на платформата на друштвениот медиум, како што се вашето име, адреса за е-пошта, фотографија на профилот, објави, коментари и други информации поврзани со вашата сметка на друштвениот медиум. Може да ги користиме овие информации за некоја од целите опишани во оваа политика на приватност и за сите дополнителни цели за кои сте биле известени при собирањето на информациите. Ако не сакате давателот на друштвените медиуми да ги споделува вашите информации од друштвените медиуми со SMG, не треба да ги користите своите сметки на друштвените медиуми за пристапување до услугите на SMG.

**Од нашите клиенти.** За некои од нашите производи и услуги, нашите клиенти може да ни пратат информации за вашите интеракции со нивните брендови, производи и услуги, кои може да вклучуваат информации поврзани со некои програми на лојалност во кои сте запишани и информации за вашите трансакции со нашите клиенти. Може да ги комбинираме овие информации со други информации што ги собираме за да го подобриме истражувањето на пазарот што го правиме и услугите што им ги даваме на нашите клиенти.

## 4. ЗАКОНСКИ ОСНОВИ ЗА ОБРАБОТКА

**4.1.** Ги обработуваме вашите податоци за контакт, демографски податоци и одговори на истражувањата кога ќе пополните истражување или користите услуги на SMG. Тие лични податоци ги обработуваме врз основа на легитимните интереси на нашите клиенти да добиваат повратни информации од нивните потрошувачи за да може да ги подобруваат своите производи и услуги за доброто на своите потрошувачи и своето работење, и врз основа на легитимните интереси на SMG за подобрување на производите, услугите и истражувањата на пазарот на SMG и за одговарањето на барањата на корисниците за помош или информации.

**4.2.** Вашите податоци за користење ги обработуваме кога ќе пополните истражување или користите услуги на SMG. Овие податоци за користењето ги обработуваме врз основа на вашиот избор да продолжите со истражувањето, потврдувањето на согласноста SMG да користи колачиња и други технологии за собирање податоци. Може да ја повлечете согласноста ако се обратите до нашиот службеник за заштита на податоци по е-пошта на privacyofficer@smg.com или ако му пишете на: Data Protection Officer, Service Management Group, LLC, 1737 McGee Street, Kansas City, MO 64108.

**4.3.** Може да ги обработуваме и информациите што сте ги дале на платформите на друштвените медиуми, во зависност од вашите поставки за приватност, кога користите услуги на друштвени мрежи заедно со услугите на SMG. Ги обработуваме тие информации врз основа на вашата согласност, што ја давате во вашите поставки за приватност на услугата на друштвените мрежи. Може да ја повлечете својата согласност ако ги смените поставките за приватност за повеќе да не ни дозволувате пристап до податоците на друштвените медиуми.

**4.4.** Обработуваме информации добиени од нашите клиенти во врска со вашите интеракции со нивните брендови, производи и услуги. Тие информации ги обработуваме врз основа на легитимните интереси на SMG и на клиентите на SMG, вклучувајќи и заради подобрување и унапредување на производите на SMG и на оние на нашите клиенти и подобрување на истражувањата на пазарот на SMG.

## 5. КАКО ГИ КОРИСТИМЕ И СПОДЕЛУВАМЕ ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Како ги користиме и споделуваме информациите што ги собираме или што вие ни ги давате, зависи од тоа како ги користите или пристапувате до услугите на SMG. Кога е тоа потребно според законот, SMG ќе постапи според вашето барање да престанеме да даваме лични информации на трети лица.

- **Комуницирање со вас.** Личните податоци ќе се користат, по потреба, за управување со нашиот однос и за комуницирање со вас по пошта, телефон, е-пошта, известувања на мобилен телефон и праќање SMS-текстуални пораки. Освен ако некој испитаник изречно не побара комуникација, SMG нема да оствари контакт со него освен тоа што е неопходно за да го потврди интегритетот на истражувањето, да подготвува истражувања, да обезбеди награди или придобивки заработени како резултат на пополнувањето на истражувањето или за да обезбеди кориснички услуги. Иако SMG не ги користи вашите лични податоци за директни маркетиншки цели, треба да ја прегледате политиката на приватност на клиентот за кој ги собираме вашите лични податоци за да утврдите дали тој го прави тоа. Може да ги споделиме вашите лични податоци со даватели на услуги што ни помагаат да управуваме со нашиот однос со вас.

- **Извршување на услугите што ги барате.** Може да ги користиме и да ги споделуваме вашите лични податоци за да ги извршуваме услугите што ги барате или функциите што ги иницирате, како кога објавувате информации и материјали на огласни табли, форуми или на нашите страници на друштвените медиуми. Дополнително, кога ни давате дозвола, може да ги откриеме вашите лични податоци за да им го откриеме вашиот идентитет на сите со кои комуницирате преку услугите на SMG. Понатаму, може да ги користиме и споделуваме вашите лични податоци со трети лица за да ги обезбедиме наградите и да ги исполниме придобивките што сте ги побарале и заработиле со учество во истражувањата. Ако изберете да учествувате во лотарија на производи или друг вид промоција, вашите информации ги праќаме до администраторите на тие промоции, за да може да одговорат на вашите прашања или да стапат во контакт со вас за награда што сте ја освоиле или за други работи поврзани со промоцијата.

- **Анализирање на користењето и подобрување на услугите на SMG.** Користиме лични информации собрани од колачиња и други алатки за собирање податоци за анализа на користењето, откривање измами и подобрување на извршувањето на услугите на SMG. Може да ги користиме аналитичките услуги на веб-локациите на трети лица за да анализираме како поединци ги користат услугите на SMG, вклучувајќи и заради евидентирање на кликнувањата со глушецот, движењата на глушецот, лизгањето и текстовите што ги пишувате во полињата за слободен текст. Ги користиме информациите собрани од овие услуги на трети лица за да ни помогнат да разбереме подобро како нашите корисници ги наоѓаат и користат услугите на SMG, за да ги унапредиме нашите услуги и да ви го подобриме искуството како корисници.

- **Споделување информации со други даватели на услуги.** Може да ги споделиме вашите информации, вклучувајќи ги и вашите лични податоци, со други даватели на услуги што ги користиме за извршување на функциите за кои ги ангажираме, како што се хостирање, складирање податоци и безбедност. По потреба, може да ги споделиме вашите лични податоци и за извршување на други поврзани услуги на SMG, како што се веб-локациите за рангирање и рецензии кои ги водиме.

- **Споделување податоци со клиенти.** Ако пристапите до услугите на SMG за да пополните истражување во врска со вашето искуство како потрошувач на некој од нашите клиенти, со тој клиент ги споделуваме личните податоци што ги собираме од вас за и во врска со вашите одговори на истражувањето. Исто така, може да ги користиме овие лични податоци за да добиеме согледувања за истражувања на пазарот и за на нашите клиенти да им обезбедиме анализа на однесувањето на потрошувачите и информации добиени со деловно разузнавање. За информации во врска со тоа како клиентот за кој ги собираме вашите лични податоци ги користи, штити и на друг начин обработува личните податоци, прочитајте ја политиката на приватност на тој клиент. Ние и нашите клиенти може и да комбинираме различни видови информации, вклучувајќи лични податоци собрани од или за вас од нас, нашите клиенти или од извори на трети лица. SMG може да ги користи комбинираните информации за која било од целите опишани во оваа политика за приватност и нашите клиенти може да ги користат комбинираните информации за која било од целите опишани во нивната политика на приватност.

- **Почитување на законските обврски и остварување на законските права.** Може да ги споделуваме информациите што ги собираме од вас, по потреба, за остварување на своите права, за заштита на својот имот или за заштита на

правата, имотот или безбедноста на другите или, по потреба, за поддршка на екстерното ревидирање, усогласеноста и корпоративното управување. Ќе ги откриваме личните податоци како што сметаме дека е потребно за да одговориме на судска покана, обврзувачка наредба на управа за заштита на податоци или судија, законска постапка, владино барање или која било друга законска или регулаторна обврска и, во секој случај, може да станува збор за субјект надвор од земјата во која живеете. По потреба, може да ги споделуваме личните податоци за да ги употребиме расположливите лекови или да ги ограничиме штетите што може да ги претрпиме.

- **Пренесување податоци во врска со корпоративните промени.** Може да пренесуваме информации за вас, вклучувајќи и лични податоци, во врска со некоја конкретна или претстојна реорганизација, спојување, продажба, заедничко вложување, ангажман, пренос, преземање или друга промена на сопственишство или контрола од или на SMG или која било партнерска организација (во зависност од случајот или целосно или делумно), вклучувајќи, но не ограничувајќи се на,информациите во врска со ликвидација или слична постапка. Секој субјект кому му пренесуваме лични податоци ќе треба да ве извести за сите цели на обработка кои не се компатибилни со целите наведени во оваа политика на приватност, како и за сите практики во врска со приватноста што се суштински поинакви од практиките наведени во оваа политика на приватност. Кога се бара тоа според законот, субјектот, исто така, ќе треба да добие согласност од вас.

- **Користење лични податоци за други деловни цели.** Ги користиме вашите лични податоци за други легитимни деловни цели, како што се развој на производи и услуги и управување со услугите на SMG.

## 6. ЗАДРЖУВАЊЕ И БРИШЕЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Ќе ги задржиме вашите лични податоци во нашата евиденција не подолго од она што е потребно за целите за кои се првобитно собрани. Кога таквите информации не се повеќе потребни за целите за кои се првобитно собирани, безбедно ќе ги избришеме сите ваши електронски лични податоци и безбедно механички ќе ги уништиме сите отпечатени лични податоци, освен оние што ни требаат за да ги исполниме нашите законски обврски.

## 7. ВАШИТЕ ПРАВА И ИЗБОРИ ВО ОДНОС НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Може да прекинете да учествувате во истражувањата во секое време со тоа што ќе престанете да пристапувате до услугите на SMG.

Ако живеете на локација со закони или прописи кои ви даваат права да побарате посебни дејства во однос на вашите лични податоци, ќе ги имате специфичните права кои ви ги дава тој закон/закони или пропис/прописи, кои може да го опфатат правото да побарате пристап до и исправка (*на пример*, измена или дополнување) или бришење на вашите лични податоци, правото да ги пренесете своите податоци (*на пример*, преносливост на податоци), ограничување на обработката на вашите лични податоци, како и правото да се спротивставите на обработката на вашите лични податоци, правото да ја повлечете својата согласност, правото да ја затворите сметката и правото да поднесете жалба кај надзорен орган. Со сите тие барања ќе се постапува во согласност со параметрите наведени во важечките закони и прописи.

Ако живеете во Европската Унија, имате право според Општата регулатива за заштита на податоци да побарате од SMG пристап до и исправка или бришење на вашите лични податоци, преносливост на податоците, ограничување на обработката на вашите лични податоци, право да се спротивставите на обработката на вашите лични податоци, право да ја повлечете својата согласност и право да поднесете жалба кај надзорен орган. Ако живеете надвор од Европската Унија, исто така може да имате одредени права во однос на податоците според вашите локални закони.

За да поднесете такво барање, обратете се до нашиот службеник за заштита на податоци по е-пошта на privacyofficer@smg.com или пишете му на: Data Protection Officer, Service Management Group, LLC, 1737 McGee Street, Kansas City, MO 64108.

## 8. ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕДАВАЊЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Иако учеството во нашите истражувања е доброволно, може да не се квалификувате за некои стимулации, награди или придобивки ако не ги дадете сите информации што ги бара истражувањето.

## 9. ПОЛИТИКА ЗА КОЛАЧИЊА

### 9.1. Што се колачиња

SMG и нашите даватели на услуги користат малечки текстуални датотеки наречени колачиња. **„Колачиња**" се мали компјутерски датотеки кои се праќаат или до кои се пристапува преку вашиот веб-прегледувач или преку хард-дискот на вашиот компјутер, мобилен уред или таблет што содржат информации за вашиот компјутер, како што се корисничкиот ИД-број, корисничките поставки, историјата на прегледување и активностите извршени додека се користеле услугите. Колачето обично го содржи името на доменот (интернет-локацијата) од која потекнува колачето, „животниот век" на колачето (т.е. кога престанува да важи) и случајно генериран единствен број или идентификатор. Колачињата може да се поврзат со личните податоци.

### 9.2. Како користиме колачиња и алатки за собирање податоци

Колачињата ни помагаат да ги подобриме услугите на SMG преку следење на вашите навики за навигирање и приспособување по ваша мерка на вашето искуство со услугите на SMG. Ова ни овозможува да анализираме технички и навигациски информации за услугите на SMG и ни помага да откриеме и да спречиме измама.

Исто така, користиме колачиња и други алатки за собирање информации (како што се веб-светилници и серверски дневници), кои колективно ги нарекуваме **„Алатки за собирање податоци"**, кои ни помагаат да ви го подобриме искуството со услугите на SMG - на пример, со тоа што ве препознаат кога ќе се вратите да нè посетите, и ја прават содржината пософодветна за вас.

Услугите на SMG може, исто така, да користат алатки за собирање информации за да собираат информации од уредот што го користите за да пристапите до услугите на SMG, како видот на вашиот оперативен систем, видот прегледувач, доменот и другите поставки на системот, како и јазикот што го користи вашиот систем и земјата и временската зона во која е лоциран вашиот уред.

### 9.3. Вашето контролирање на колачињата

Веб-прегледувачите дозволуваат некаква контрола на повеќето колачиња преку поставките на прегледувачите. Некои веб-прегледувачи (вклучувајќи и мобилни веб-

прегледувачи) даваат поставки што ви овозможуваат да ги одбиете колачињата или да добиете знак за претпазливост кога ќе се постави колаче на вашиот компјутер, таблет или мобилен уред. Можеби можете да ги одбиете идентификаторите на мобилниот уред ако ја активирате соодветната поставка на вашиот мобилен уред. Иако не мора да ги прифатите колачињата или идентификаторите на мобилни уреди на SMG, ако ги блокирате или ги одбиете, може да немате пристап до сите функции достапни преку услугите на SMG. Освен тоа, ако живеете на место каде што според законодавството потребно е да се добие ваша согласност за користење колачиња на нашите веб-локации и/или апликации, ќе имате можност да управувате со своите преференции за колачиња на тие веб-локации и/или апликации; сепак, некои колачиња се потребни за овозможување на суштинската функционалност на тие веб-локации и апликации и не може да изберете да ги деактивирате тие колачиња.

## 10. УПРАВУВАЊЕ СО ПОДАТОЦИТЕ НА ВАШАТА СМЕТКА

Може да го посетите делот за сметки на важечката услуга на SMG за да управувате со и да ги исправите фактичките грешки во информациите што ги имаме за вас. Ако имате прашања за тоа како да пристапите до или да ги поправите своите лични податоци, обратете се до нашиот службеник за заштита на податоци по е-пошта на privacyofficer@smg.com или пишете му на: Data Protection Officer, Service Management Group, LLC, 1737 McGee Street, Kansas City, MO 64108.

## 11. ПРИВАТНОСТ ЗА ДЕЦА

Услугите на SMG се наменети за пошироката јавност и не се наменети за деца кои се под возраста на која може да дадат согласност за обработка на своите лични податоци според законите во секоја земја каде што работиме. Свесно не собираме лични податоци од такви лица. Ако дознаете дека дете под возраста на која може законски да даде согласност за обработка на своите лични податоци ни дало лични податоци без родителска согласност, обратете се до нашиот службеник за заштита на податоци по е-пошта на privacyofficer@smg.com или пишете му на Data Protection Officer, Service Management Group, LLC, 1737 McGee Street, Kansas City, MO 64108. Ако дознаеме дека дете под возраста на која може да даде согласност за обработка на личните податоци според законите во неговата земја ни дало лични податоци без родителска согласност, преземаме чекори да ги отстраниме тие информации и да ја затвориме сметката на детето што е можно побрзо.

## 12. ВРСКИ ДО УСЛУГИ НА ТРЕТИ ЛИЦА

Услугите на SMG може да содржат врски до веб-локации и услуги на трети лица („**Услуги на трети лица**") со кои SMG не е поврзана. Врска до која било услуга на трето лице не значи дека ние ја поддржуваме ниту дека го поддржуваме квалитетот или точноста на информациите претставени на неа. Ако одлучите да посетите услуги на трето лице, за вас важат нивните практики на приватност, а не практиките за приватност наведени во оваа политика на приватност.

## 13. БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ

SMG има програма за безбедност на информации што користи технички, физички и организациски мерки наменети да помогнат во одржувањето на безбедноста и доверливоста на личните податоци; заштитата од очекуваните закани за доверливоста, интегритетот и достапноста на личните податоци; и заштитата на вашите лични податоци од губење, злоупотреба, неовластено менување или уништување и неовластен пристап или откривање.

Сепак, кога се обработуваат лични податоци, постои ризик од губење, злоупотреба, модификација, хакирање, повреда и/или пристапување на друг начин на тие податоци од неовластено трето лице. Ниеден систем или онлајн-пренос на податоци не е целосно безбеден. Покрај техничките, физичките и организациските мерки кои ги презема SMG за да ги заштити вашите лични податоци, треба да користите соодветни безбедносни мерки за да ги заштитите своите лични податоци. Ако сметате дека вашата сметка на SMG или некои информации што сте ни ги дале, не се повеќе безбедни, известете го веднаш нашиот службеник за заштита на податоци по е-пошта на privacyofficer@smg.com или јавете се на 1-800-764-0439 и побарајте да зборувате со службеникот за заштита на податоци на SMG.

## 14. ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИМА ПРЕДВИД ОД ГЕОГРАФСКИ АСПЕКТ И ПРЕКУГРАНИЧЕН ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

SMG ги контролира и ги дава услугите на SMG од Соединетите Американски Држави. SMG може да ги пренесува, складира и да ги обработува вашите лични податоци во САД, Обединетото Кралство, Јапонија или друга локација во Азија или во Европската Унија. Имајте предвид дека законите за заштита на податоци и за приватност на земјата во која се пренесуваат вашите лични податоци може да не се толку опсежни како што се законите во вашата земја. На пример, личните податоци што се префрлаат во Соединетите Држави може да бидат предмет на законски барања за пристап од федералните или државните органи во Соединетите Држави.

Сите преноси на лични податоци од Европската економска област (ЕЕО) до Соединетите Држави се прават во согласност со Штитот на приватност меѓу ЕУ и САД. SMG учествува и работи во согласност со принципите на Штитот на приватност меѓу ЕУ иСАД во однос на собирањето, користењето, споделувањето и задржувањето лични податоци од ЕЕО онака како што е опишано во нашата сертификација за Штитот на приватност меѓу ЕУ и САД. Погледнете го списокот на Штитот на приватност тука. Дознајте повеќе за Штитот на приватност тука. SMG подлежи на надзор од Федералната комисија за трговија на САД и ќе остане одговорна за обработката на личните податоци на начин кој не е во согласност со принципите на Штитот на приватност од трети лица на кои SMG им пренела лични податоци, освен ако SMG докаже дека не е на ниеден начин одговорна за настанот кој предизвикал штета. Сите такви преноси на лични податоци надвор од ЕЕО ќе бидат во согласност со оваа политика на приватност и сите важечките закони. Ако имате поплака за нашата усогласеност со Штитот на приватност, обратете се до нашиот службеник за заштита на податоци по е-пошта на privacyofficer@smg.com или пишете му на: cData Protection Officer, Service Management Group, LLC, 1737 McGee Street, Kansas City, MO 64108. Може и бесплатно да упатите поплака до нашето избрано независно тело за решавање спорови, Американското здружение за арбитража, а во одредени околности, да поведете арбитражна постапка за Штитот на приватност.

Политиката за приватност на англиски јазик е официјалната изјава на SMG за нејзините практики на приватност. Ако има некаква недоследност помеѓу политиката за приватност на англиски јазик и некој превод на друг јазик, предност ќе има документот на англиски јазик.

## 15. КАКО ДА СТАПИТЕ ВО КОНТАКТ СО НАС

Ако имате прашања за приватноста, ви треба помош за пристапување или ажурирање на вашите лични податоци или имате поплаки во однос на обработката на вашите лични податоци, обратете се до нашиот службеник за заштита на податоци по е-пошта на privacyofficer@smg.com.

Можете да ни пишете и на:

Service Management Group, LLC
Attn: Data Protection Officer
1737 McGee Street
Kansas City, MO 64108

Service Management Group, Ltd.
Attn:  Data Protection Officer
38-40 The Maltings
St Albans
Hertfordshire AL1 3HL
UNITED KINGDOM

Service Management Group G.K.
Attn: Data Protection Officer
2-7-16 No. 3 Komoriya Building 9F
Hamamatsu-cho, Minato-ku
Tokyo 1050013, Japan

## 16. КОНТРОЛОР НА ПОДАТОЦИ И СЛУЖБЕНИК ЗА ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

Личните податоци што ги собира SMG ги контролира Service Management Group, LLC, 1737 McGee Street, Kansas City, MO 64108.  Може да се обратите до нашиот службеник по е-пошта на privacyofficer@smg.com или да му пишете на: Data Protection Officer, Service Management Group, LLC, 1737 McGee Street, Kansas City, MO 64108.